Јавно претпријатие Колекторски Систем
Ndërmarrja publike Sistemi i Kolektorit

Бр./Nr. 04-157/2
04.03 2021 год./vit.

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија ( Службен Весник на Република Македонија бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06 ,22/07 ,83/09 ,97/10 ,6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 ), член 6 од Законот за вработени во јавен сектор ( Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20 ), а во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Колекторски систем - Скопје бр.02-20/12 од 06.02.2020, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Колекторски систем - Скопје, заведен под бр. 02-392/2 од 22.09.2020 година, В.Д Директорот на Јавното претпријатије објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2021

## за пополнување на работно место со постапка за унапредување

**1. Раководител на одделение за припрема и инвестиции** , со шифра **КДР0305А03058** во Одделение за припрема и инвестиции во Сектор за пречистување и одведување отпадни води (одвод) **- 1 ( еден ) извршител.**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, вид на образование: Машинство;Градежништво и водостопанство; Економски науки
- За ниво А3 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои две години на раководно место во приватен сектор,
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда,
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- Други посебни услови утврдени со Правилникот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

**Општи работни компетенции** на А нивоа:

- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- ориентираност кон странките/засегнати страни

Дневно работно време е од 07.30 до 15.30 часот.
Работни Денови: од понеделник до петок.
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.

Рокот за доставување на пријавите е 5 ( пет ) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати поднесуваат: пополнета пријава, во прилог на пријавата поднесуваат **ДОКАЗИ** дека ги исполнуваат условите содржани во интерниот оглас бр. 01/2021 во оргинална форма. Пријавата со пропратните документи се доставуваат преку архивата на ЈП Колекторски систем - Скопје до Одделението за човечки ресурси на адреса: ЈП Колекторски систем – Скопје - Подружница Охрид ул.Булевар Туристичка бр.77 влез 1 кат 1 ДП 2, со назнака “ **ЗА ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 01/2021**“.

Ненавремената, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на В.Д Директорот на ЈП Колекторски систем - Скопје.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**ЈП Колекторски систем - Скопје**

**В.Д Директор**
**Владимир Алексијоски**

______________________

Република Северна Македонија * Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие
КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ
Ndërmarrja publike
SISTEMI I KOLEKTORIT
(2)
СКОПЈЕ * SHKUP